# Изложби Ликовното „битие за себе“

***За самостојната изложба на Петар Мазев, Скопје***

Дејствувајќи паралелно на младата генерација сликари, Петар Мазев заедно со нив ги означува ликовната температура и карактер на нашето сликарство во деветтата деценија. Констатацијава не се однесува само на неговата фрекфентна излагачка активност, туку на суштествителните изразни форми на неговата уметност, што со неколку дуги македонски творци го градат синхронијскиот систем на функционирање на нашата уметност денес. Овој факт не е воопшто ирелевантен кога се има предвид главно дијахронијската егзистенција на македонското сликарство и скулптура во изминатите декади. Мазев е еден од оние сликари, кој заедно со неколкумина други, непрестајно инсистира на автентичноста на ликовното „битие за себе“. Без разлика, дали тој свесно или инстинктивно трага по ентитетот на уметничкото дело, создавајќи од тоа трагање манир и кај други помлади автори, во случајов, суштествено е постигнувањето на националниот идентитет преку ликовниот, сметајќи, дека националната самобитност се потврдува пред сè преку создавање на вистински уметнички вредности). Долго време нашето сликарство страдаше токму поради преголемото значење што му се даваше на она што се случува надвор од него, било да е во прашање друга средина или друг свет – несликарски, неуметнички. Тој е еден од малкумината што категорично ги отфрла комплексите (визави друга или на друго место никната уметност) за да ја супституира со сопствената, со индивидуалната ликовна логика. Тоа се гестови со историска релевантност, постапки што ќе ги изменат статусот, односот и значењето на современата македонска ликовна уметност.

Ликовниот свет на Мазев, како што е оној на последното негово претставување (во салонот на ДЛУМ и во неговото ателје во Сарај), е автентичен, онолку колку што, да го парафразираме Хусерл, апсолутно јас може да биде чиста слобода доколку не е обусловено од минатото. Неговата визија е вистината зошто е искрена и спонтана ликовна референца на неговата „внатрешна нужност“. Отсекогаш сакајќи сам да си поставува стапици (дури и сега кога влегува во седмата деценија од животот), тој му се предава на сликарството со страст без остаток, како за прв пат, верувајќи дека, највистинитата слика ја прави сега и овде. И токму неизвесноста што ја носат интригата на процепот (на стапицата) и изненадувањето од она што треба да дојде, се генератори на неговиот ликовен исказ.

Контурите или знаците на човековите фигури во неговите слики се само денотации во чија заднина демне суштествениот конотацијски слој. Антагонистичката нетрпеливост меѓу крајностите што го движат животот (редот и хаосот, доброто и злото, љубовта и омразата, земното и небеското, раѓањето и смртта) се експлицитно присутни на платното. Мазев нив отворено ги демонстрира, без мистификации. Одтука судирот на белото со црното, на кривата линија со петното боја, на потегот со плохата, на асоцијативното со апстрактното, на густата збрчкана паста со белата метафизичност на грундот. Во основа дејствуваат принципот на градбата и принципот на разурнувањето (формата и нејзиното уништување) – антиподи што се оштрат во конфликтот. Во одделни слики, цртежи и графики доминираа едниот, во други вториот, но најчесто станува збор за паралелна акција и опстојување. Затоа стануваат анахронични размислите за предност во двојството меѓу презентативното и нерепрезентативното. Одтука и привлечноста на овој ликовен свет постојано различен во барањето на можните степени на релации и разидувања во севкупноста на ликовните структури.

Внатрешното неспокојство, немирот на времето, недоумиците во фенеменологијата на сликарскиот медиум, оставаат читливи референции врз кожата на сликарската материја која ги разголува до степен на елементарност. Меѓутоа, преку лексичко-синтактичката вештина на ликовното проседе, таа демистификација прераснува во трансцендентна ликовна вистина, во автентичен квалитет на ликовно живеење.

**Соња Абаџиева Димитрова**